Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 02-144/1
17.01.2020 год.
ОБЛЕШЕВО

Врз основа на член 50, став 16 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.05/02), а во врска со Програмата за активностите на Општина Чешиново-Облешево во областа на спортот во 2020 година, како и Програмата за финансирање проекти и програмски активности на здруженија на граѓани за 2020 година (Службен гласник на Општина Чешиново-Облешево бр.15/19), Градоначалникот на Општина Чешиново-Облешево на ден 17.01.2020 година објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

## за прибирање барања за користење средства од Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2020 година за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и спортски клубови

Распределбата на средствата од Буџетот на Општина Чешиново-Облешево за 2020 година за финансирање проекти на здруженија на граѓани и спортски клубови од локален интерес ќе се врши врз основа на овој повик за следните области: згрижување на децата, спорт, млади, земјоделие, образование, екологија, култура, здравство, граѓанско општество, демократија и социјално-хуманитарна работа.

**1. Учество**

На повикот може да учествуваат здруженија на граѓани и спортски клубови чие регистрирано седиште се наоѓа на подрачјето на Општина Чешиново-Облешево, или здруженија на граѓани и спортски клубови кои спроведуваат активност на територија на општина Чешиново-Облешево. Здруженијата и спортските клубови треба да понудат креативни и иновативни проекти кои можат да се имплементираат во Општина Чешиново-Облешево, согласно Програмата за активностите на Општина Чешиново-Облешево во областа на спортот во 2020 година, како и Програмата за финансирање проекти и програмски активности на здруженија на граѓани за 2020 година (Службен гласник на Општина Чешиново-Облешево бр.15/19).

**2. Основни организациски критериуми**

Основни организациски критериуми кои треба да ги исполнуваат здруженијата и спортските клубови кои ќе учествуваат на овој повик се:
- да се регистрирани според Законот за здруженија и фондации, со седиште во Општина Чешиново-Облешево, или да спроведуваат активност на територија на општината;
- да се занимаваат со активности од јавен интерес.

**3. Потребна документација**

Здруженијата на граѓани кои ќе учествуваат на овој повик треба да доставаат:
- Барање за финансиска поддршка на здруженија на граѓани;
- Проектна пријава на здруженија на граѓани (опис на активности кои бараат да бидат финансирани од Буџетот на општината);
- Копија од статутот и решението за регистрација на здружението;

Спортските клубови, покрај горенаведената документација, потребно е да достават и копија од решението за дејност спорт и потврда од соодветната федерација за степенот на натпреварување на клубот .

**НАПОМЕНА: Пријавите со непотполна документација или пријавите доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.**

**4. Рок и начин на пријавување**

Пријавите треба да се достават до Општина Чешиново-Облешево по пошта на адреса "Општина Чешиново-Облешево, ул."Маршал Тито" бр.17, с.Облешево" или во архивата на Општина Чешиново-Облешево од 08:00 до 16:00. Рокот за поднесување на пријавите е заклучно со 31.01.2020 година.

Здруженијата и Спортските клубови кои добиле средства за проектите од Буџетот на Општина Чешиново-Облешево за 2020 година, ќе бидат известени за резултатите по објавувањето на одлуката за распределба на средствата во Службен гласник на Општина Чешиново-Облешево.

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Горанчо Крстев

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО